# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 5 Год. LXVI Среда, 13 јануари 2010 Цена на овој број е 90 денари

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk


## СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 38. | **Одлука** за изменување на Одлуката за испраќање на републички сили за заштита и спасување со опрема за укажување на помош на Република Албанија................... | 2 |
| 39. | **Програма** за изменување на Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2009-2010 година.................................................................................... | 3 |
| 40. | **Програма** за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија во 2010 година............................................................ | 4 |
| | **Огласен дел**.............................................................................................................................. | 1-8 |

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**38.**

Врз основа на член 16, точка 5 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04, 49/04 и 86/08), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 12.01.2010 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИСПРАЌАЊЕ НА РЕПУБЛИЧКИ СИЛИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ СО ОПРЕМА ЗА УКАЖУВАЊЕ НА ПОМОШ НА РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА

Член 1

Во Одлуката за испраќање на републички сили за заштита и спасување со опрема за укажување на помош на Република Албанија бр.51-220/1 од 9 јануари 2010 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 3/2010), во членот 2, зборовите: „пет дена“ се заменуваат со зборовите: „десет дена“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 51-220/2
12 јануари 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

**39.**

Врз основа на член 121 од Законот за заштита на потрошувачите ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/04, 77/07 и 103/08) Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 12.01.2010 година донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ ЗА ПЕРИОДОТ 2009-2010 ГОДИНА

### Член 1

Во Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2009-2010 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 3/09) во делот Б Активности за 2010 година, точка 1 Министерство за економија:

- Во ставот 1 зборовите „10.000 денари“ се заменуваат со зборовите "5.000 денари"
- Во ставот 2 зборовите „280.000 денари“ се заменуваат со зборовите "100.000 денари".
- Во ставот 3 зборовите „10.000 денари“ се заменуваат со зборовите "5.000 денари".
- Во ставот 4 зборовите „300.000 денари“ се заменуваат со зборовите "100.000 денари".
- Во ставот 5 зборовите „500.000 денари“ се заменуваат со зборовите "250.000 денари".
- Во ставот 6 зборовите „90.000 денари“ се заменуваат со зборовите "70.000 денари".
- Во ставот 7 зборовите „1.500.000 денари“ се заменуваат со зборовите "300.000"денари.
- Во ставот 8 зборовите „20.000 денари“ се заменуваат со зборовите "10.000 денари".
- Во делот Вкупно потребни средства на Министерството за економија зборовите "2.710.000 денари" се заменува со зборовите "840.000 денари".

### Член 2

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 51-68/1
12 јануари 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Васко Наумовски**, с.р.

**40.**

Врз основа на член 36, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 88/08 и 115/08) Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 12.01.2010 година донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА РАЗВОЈ НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО, КОНКУРЕНТНОСТА И ИНОВАТИВНОСТА НА МАЛИТЕ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО 2010 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа програма се уредува намената на средствата за поддршка и развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија во вкупен износ од 6.404,000 (шест милиони и четиристотини и четири илјади) денари, обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2010 година, раздел 10001, програма Д, потпрограма ДГ - Поддршка на развојот на малите и средни претпријатија, ставка 464, 425 и 426.

**Член 2**

Средствата од член 1 на оваа програма ќе се користат за следниве намени:

1. Кофинансирање на Европскиот информативниот и иновативен центар на Македонија (ЕИЦЦМ) - Enterprise Europe Network

• Кофинансирање на редовните активности на Центарот во согласност со неговата тригодишна програма (Проектот е кофинансиран и од ЕУ преку ЦИП Програмата 2007-2013).

**3.100.000 денари**

2. Обсерваторија за МСП - изготвување на годишен извештај за МСП во 2010 година

• Изготвување и публикување на извештај за малите и средни претпријатија во 2009 година

**200.000 денари**

3. Кофинансирање на проекти на Бизнис центрите за поддршка на МСП

• Финансиска поддршка на проекти за:

1. Организирање на основни обуки за старт - ап бизниси
2. Обуки за постојните претприемачи
3. Промоција на претприемништвото
4. Организирање на саеми

Постапката за доделување на средства од оваа ставка ќе се изврши преку објавување на повик во јавните гласила за покажување на интерес и поднесување на проекти од страна на бизнис центрите и докажување на трошоците поврзани со соодветните активности.

**1.954.000 денари**

4. Организирање на регионални форуми за МСП

• Организирање на средби со претприемачите со цел презентирање на политиките за МСП и активностите од годишната програма и новата нацрт Програма за МСП за 2011-2013
• Организирање на состанокот на Регионалниот центар за претприемничко учење на југоисточна Европа во Македонија.
• Организирање на средба за преставување на извештајот на Република Македонија за Правниот акт за мали бизниси на бизнис заедницата

**150.000 денари**

5. Кофинансирање на трошоците на бизнис инкубатори

• Финансиска поддршка на проекти за:

1. Организирање на обуки за станарите во бизнис инкубаторите
2. Консултантски услуги
3. Вмрежување
4. Организирање на б2б средби

Постапката за доделување на средства од оваа ставка ќе се изврши преку објавување на повик во јавните гласила за покажување на интерес и поднесување на проекти од страна на бизнис инкубаторите и докажување на трошоците поврзани со соодветните активности.

**650.000 денари**

6. Кофинансирање на проекти за поддршка и промоција на занаетчиството.

• *Финансиска поддршка на проекти за:*

1. Организирање на форуми
2. Организирање на обуки
3. Промотивни активности (саеми, манифестации и др.)

Постапката за доделување на средства од оваа ставка ќе се изврши преку објавување на повик во јавните гласила за покажување на интерес и поднесување на проекти од страна на регионалните занаетчиски комори, здруженија на граѓани и фондации за поддршка на занаетчиството, и докажување на трошоците поврзани со соодветните активности.

**350.000 денари**

**Член 3**

За начинот и динамиката на реализирање на оваа програма ќе се грижи Министерството за економија.

**Член 4**

Министерството за економија ќе достави извештај со финансиски показатели до Владата на Република Македонија за реализираните активности од оваа програма, постигнатите резултати и образложение за евентуалните отстапувања од планираните активности, заклучно со 31.01.2011 година.

**Член 5**

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-6750/1-09
12 јануари 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
д-р **Васко Наумовски**, с.р.

# ИЗДАНИЈА НА ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ

| Р.бр | Изданија | Цена денари |
|---|---|---|
| 1 | **Устав на Република Македонија** (*со сите амандмани од I-XXX*) *на македоноски и на англиски јазик (во една книга), голем формат, 2007* | 200,00 |
| 2 | **Устав на Република Македонија** (*со сите амандмани од I-XXX*) *на македонски јазик, мал формат, 2007* | 150,00 |
| 3 | **Спорот за името меѓу Грција и Македонија** *- студентски проект -* | 800,00 |
| 4 | **Закон за кривичната постапка** *(редаккциски пречистен текст), 2008* | 450,00 |
| 5 | **Закон за парничната постапка** *(издание 2008)* | 350,00 |
| 6 | **Закон за извршување** *(редакциски пречистен текст), 2008* | 300,00 |
| 7 | **Закон за катастар на недвижности** *(издание 2008)* | 200,00 |
| 8 | **Закон за работните односи** *(редакциски пречистен текст), 2008* | 300,00 |
| 9 | **Закон за обезбедување на побарувањата Закон за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити** *(со подзаконски акти) (редакциска збирка), 2007* | 200,00 |
| 10 | **Закон за безбедност на сообраќајот на патиштата** *(редакциска збирка), 2007* | 400,00 |
| 11 | **Закон за нотаријатот** *(издание 2007 )* | 250,00 |
| 12 | **Закон за банките** *(издание 2007)* | 300,00 |
| 13 | **Закон за заштита од бучава во животна средина** *(издание 2007)* | 100,00 |
| 14 | **Закон за Државното правобранителство** *(издание 2007)* | 50,00 |
| 15 | **Закон за управните спорови** *(издание 2007)* | 80,00 |
| 16 | **Закон за сопственост и други стварни права** *(издание 2007)* | 150,00 |
| 17 | **Збирка на прописи од областа на земјоделството** *(редакциска збирка), 2007* | 500,00 |
| 18 | **Закон за ветеринарно јавно здравство Закон за ветеринарно здравство Закон за заштита и благосостојба на животните** *(редакциска збирка), 2007* | 400,00 |
| 19 | **Закон за прекршоците Закон за прекршоците против јавниот ред и мир** *(редакциска збирка), 2007* | 150,00 |
| 20 | **Закон за минералните суровини** *(издание 2007)* | 120,00 |
| 21 | **Закон за пензиското и инвалидското осигурување** *Станка Трајкова и Олгица Костова (со коментар и прилози), 2006* | 700,00 |
| 22 | **Изборен законик** *(редакциски пречистен текст), 2008* | 200,00 |

| Р.бр | Изданија | Цена денари |
|---|---|---|
| 23 | **Закон за стечај** *Д-р Кирил Чавдар (со објаснувања, судска практика и Предметен регистар), 2006* | 600,00 |
| 24 а) | **Збирки на прописи од областа на локалната самоуправа,** *2004.* **I книга –** *(Законите за: локалната самоуправа; територијална организација на локалната самоуправа; за градот Скопје; финансирање на единиците на локалната самоуправа и Законот за локалните избори – редакциски пречистен текст)* | 280,00 |
| б) | **II книга –** *(Законите за: комуналните такси; даноците на имот; угостителска дејност; туристичка дејност и Законот за вршење на занаетчиска дејност)* | 210,00 |
| в) | **III книга –** *(Законите за: основното образование; средното образование; заштита на децата и Законот за социјалната заштита – редакциски пречистени текстови)* | 245,00 |
| г) | **IV книга –** *(Закон за управување со отпадот; Закон за заштита на природата; Закон за квалитетот на амбиентниот воздух)* | 245,00 |
| д) | **Комплет од четирите книги - Збирки на законите од областа на локалната самоуправа,** *2004* | 840,00 |
| 25 | **Збирка на прописи** *(Законите за: градење; просторно и урбанистичко планирање; животната средина), (редакциска), 2005* | 210,00 |
| 26 | **Збирка на меѓународни конвенции од областа на кривичното право,** *2000* | 80,00 |
| 27 | **Закон за спречување на корупцијата** *со закони за ратификација на конвенции Д-р Јован Проевски (со објаснувања), 2002* | 80,00 |
| 28 | **Закон за денационализација** *Д-р Стефан Георгиевски, 2000 (со коментар, објаснувања и обрасци)* | 160,00 |
| 29 | **Закон за високото образование,** *2008* | 200,00 |
| 30 | **Закон за поштенските услуги,** *2008* | 150,00 |
| 31 | **Закон за вонпарнична постапка,** *2008* | 200,00 |
| 32 | **Закон за јавните патишта,** *2008* | 120,00 |
| 33 | **Закон за концесии и други видови на јавно приватно партнерство,** *2008* | 150,00 |
| 34 | **Закон за договорен залог,** *2008* | 150,00 |
| 35 | **Закон за основното образование,** *2008* | 200,00 |
| 36 | **Закон за јавна чистота,** *2008* | 100,00 |
| 37 | **Закон за водите,** *2008* | 300,00 |
| 38 | **Збирка на прописи за судовите,** *(Законите за: судовите; судскиот буџет; Судскиот совет; платите на судиите; судска служба), 2008* | 400,00 |
| 39 | **Збирка на прописи за безбедност и здравје при работа,** *2009* | 200,00 |
| 40 | **Лексикон на поими во јавните набавки,** *2009* | 400,00 |
| 41 | **Закон за вработувањето и осигурување во случај на невработеност,** *2009* | 150,00 |
| 42 | **Закон за азил и привремена заштита,** *2009* | 150,00 |
| 43 | **Закон за семејството,** *2009* | 250,00 |
| 44 | **Закон за просторно и урбанистичко планирање,** *2009* | 200,00 |

## ПОРАЧКА БР. 5

**Со ова неотповикливо го порачувам изданието под реден број: 1) во ____ примероци; 2) во ____ примероци; 3) во ____ примероци; 4) во ____ примероци; 5) во ____ примероци; 6) во ____ примероци; 7) во ____ примероци; 8) во ____ примероци; 9) во ____ примероци; 10) во ____ примероци; 11) во ____ примероци и 12) во ____ примероци.**

**Доказот за извршена уплата на жиро с-ка 300000000188798 и порачката ги испраќаме по пошта на адреса бул. „Партизански одреди“ бр. 29, п. фах 51, 1000, Скопје, или на телефакс број + 389-2-551-24-01.**

**Порачател: ____________________________________________.**
**Место: ______________**
**ул. ______________________ бр. __________, тел./факс __________**

**Потпис на порачателот**

**Во _________, _______2010 година. (М.П.) ____________________**




**П О Р А Ч К А  БР. 5**

**Со ова неотповикливо го порачувам изданието под реден број: 1) во ____ примероци; 2) во ____ примероци; 3) во ____ примероци.**

**Доказот за извршена уплата на жиро с-ка 300000000188798 и порачката ги испраќаме по пошта на адреса бул. „Партизански одреди" бр. 29, п. фах 51, 1000, Скопје, или на телефакс број + 389-2-551-24-01.**

**Порачател: ________________________________________.**
**Место: ____________________**
**ул. ______________________________ бр. _____________, тел./факс _____________**

**Потпис на порачателот**

**Во __________, ________2010 година. (М.П.) ____________________**

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефон: +389-2-55 12 400.
Телефакс: +389-2-55 12 401.

Претплатата за 2010 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2010005